**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**

**НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**Број 13 *  година IV  * вторник, 20.10.2009 година  *  Карпош  ***

**Излегува по потреба**

**e-mail: kontakt@karpos.gov.mk        www.karpos.gov.mk**

**Скопје,  октомври 2009  година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за измена на Програма за изгардба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2009 година

1. Се објавува Одлуката за измена на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2009 година, донесена на Осмата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 16 октомври 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3866/2
20.10.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 6 и член 15, став 1, точка 4, алинеа 1 од Законот за Градот Скопје /„Службен весник на РМ“ бр. 55/04/, а во врска со член 36, став 1, точка 1 и 15 и член 62, став 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ како и согласно член 5, член 6, став 1, член 14, став 8 и член 55, став 1, точка 5 од Законот за јавните патишта /„Службен весник на РМ“ бр. 84/08; 52/09 и 114/09/ и член 3, став 1 и член 16 од Статутот на Општина Карпош / „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Советот на Општина Карпош, на Осмата седница, одржана 16 октомври 2009 година, донесе

## О Д Л У К А

за измена на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2009 година

### Член 1

Се врши измена на член 2 од Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2009 година, под бр. 07-637/6 донесена 77-та седница на Советот на Општина Карпош, одржана на ден 26.02.2009 година, а објавена во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 3/09.

### Член 2

Измената на наведената Програма во член 1 на оваа Одлука се однесува во делот на одобрените средства од Агенцијата за државни патишта /поранешен Фонд за магистрални и регионални патишта на Р. Македонија /, односно во членот 2 истите се намалуваат и сега изнесуваат вкупно 5.761.902,00 денари.

### Член 3

Член 2 од Програмата наведен во член 1 на оваа Одлука гласи:

„Одобрените средства од Агенцијата за државни патишта / поранешен Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија / во висина од 5.761.902,00 денари се распоредуваат на следните начини:

а/ за изградба на сервисни и станбени улици и локалните патишта се предвидуваат средства во висина од 50% од одобрените средства кои изнесуваат 2.880.951,00 денари;

б/ за редовно и инвестиционо одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 30% од одобрените средства кои изнесуваат 1.728.571,00 денари, и

в/ за зимско одржување се предвидуваат средства во висина од 20% од одобрените средства кои изнесуваат 1.152.380,00 денари.

**Член 4**

Сите други одредби од Програмата за изградба, редовно и инвестицоно одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2009 година остануваа неизмените и се во примена.

**Член 5**

Оваа измена на Програмата влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-3682/2
16.10.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2010 година

1. Се објавува Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2010 година, донесена на Осмата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 16 октомври 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3866/3
20.10.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 6 и член 15, став 1, точка 4, алинеа 1 од Законот за Градот Скопје /„Службен весник на РМ“ бр. 55/04/, а во врска со член 36, став 1, точка 1 и 15 и член 62, став 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ како и согласно член 5, член 6, став 1, член 14, став 8 и член 55, став 1, точка 5 од Законот за јавните патишта /„Службен весник на РМ“ бр. 84/08; 52/09 и 114/09/ и член 3, став 1 и член 16 од Статутот на Општина Карпош / „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Советот на Општина Карпош, на Осмата седница, одржана 16 октомври 2009 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за 2010 година

**Член 1**

Со оваа Програма се предвидуваат работи за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисните и станбените улици и локалните патишта на подрачјето на Општината Карпош, финансиски средства и динамика на нивното извршување.

**Член 2**

Одобрените средства од Агенцијата за државни патишта во висина од 5.761.902,00 денари се распоредуваат на следните начини:

а/ за изградба на сервисни и станбени улици и локалните патишта се предвидуваат средства во висина од 50% од одобрените средства кои изнесуваат 2.880.951,00 денари

б/ за редовно и инвестиционо одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта се предвидуваат средства во висина од 30% од одобрените средства кои изнесуваат 1.728.571,00 денари, и

в/ за зимско одржување се предвидуваат средства во висина од 20% од одобрените средства кои изнесуваат 1.152.380,00 денари.

**Член 3**

Во овој период ќе се извршуваат следните работи:

- изградба на нови улици и локални патишта;
- реконструкција на постоечките улици и локалните патишта, зајакнување, обновување и осовременување на коловозната конструкција;
- одржување на улиците и локалнте патишта во зимски услови, и
- надзор над извршените работи.

**Член 4**

Во овој период работите за изградбата, инвестиционото и редовното одржување на подрачјето на Општината Карпош ќе бидат утврдени од Градоначалникот на Општината Карпош заедно со Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита и унапредување на животната средина на Општината Карпош.

**Член 5**

Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се извршува во зависност од приливот на средствата

За реализација на Програмата ќе се грижи Градоначалникот на Општината Карпош и Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита и унапредување на животната средина на Општината Карпош.

**Член 6**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош„, а ќе се применува од 01 јануари 2010 година.

Број 07-3682/3
16.10.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за определување на дополнителни парични средства за зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за период зима 2009/2010 година

1. Се објавува Одлука за определување на дополнителни парични средства за зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за период зима 2009/2010 година, донесена на Осмата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 16 октомври 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3866/4<br>20.10.2009 година<br>С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 6 и член 15, став 1, точка 4, алинеа 1 од Законот за Градот Скопје /„Службен весник на РМ“ бр. 55/04/, а во врска со член 36, став 1, точка 1 и 15 и член 62, став 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ како и согласно член 5, член 6, став 1, член 14, став 8 и член 55, став 1, точка 5 од Законот за јавните патишта /„Службен весник на РМ“ бр. 84/08; 52/09 и 114/09/ и член 3, став 1 и член 16 од Статутот на Општина Карпош / „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Советот на Општина Карпош, на Осмата седница, одржана 16 октомври 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

за определување на дополнителни парични средства за зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош за период зима 2009/2010 година

**Член 1**

Една од надлежностите, односно работите од јавен интерес од комунално значење на Општина Карпош, во сверата на комуналните дејности, спаѓа и изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на сервисните и станбени улици и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 2**

Годишните одобрени средства од Агенцијата за државни патишта, локалните самоуправи со годишна Програма за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината се распоредуваат финансиски средства се утврдува и динамиката на нивно извршување

**Член 3**

Со оваа Одлука се определуваат дополнителни парични средства за поефикасно зимско одржување на сервиснтие и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош во износ од 1.500.000,00 денари за зимскиот период во 2009/2010 година.

**Член 4**

Дополнителните парични средства од член 3 на оваа Одлука целосно ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош.

**Член 5**

Реализацијата на оваа Одлука ќе ја спроведе Градоначалникот на Општината Карпош по предлог и динамика на извршување на Секторот за уредување на градежното земјиште, комунални работи и заштита и унапредување на животната средина на Општина Карпош, како и во корелација со Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување

и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општината Карпош.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 07-3682/4
16.10.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за определување на приоритетни улици на подрачјето на Општината Карпош за чистење од снежни врнежи и голомразица во периодот зима 2009/2010 година

1. Се објавува Одлука за определување на приоритетни улици на подрачјето на Општината Карпош, за чистење од снежни врнежи и голомразица во периодот зима 2009/2010 година, донесена на Осмата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 16 октомври 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3866/5
20.10.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 6 и член 15, став 1, точка 4, алинеа 1 од Законот за Градот Скопје /„Службен весник на РМ“ бр. 55/04/, а во врска со член 36, став 1, точка 1 и 15 и член 62, став 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ како и согласно член 15 став 2, а во врска со став 1, точка 12 и член 36, став 2 од Законот за јавните патишта /„Службен весник на РМ“ бр. 84/08; 52/09 и 114/09/ и член 3, став 1 и член 16 од Статутот на Општина Карпош / „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Советот на Општина Карпош, на Осмата седница, одржана 16 октомври 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

за определување на приоритетни улици на подрачјето
на Општината Карпош, за чистење од снежни врнежи и
голомразица во периодот зима 2009/2010 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат приоритетни улици на подрачјето на Општина Карпош, за зимско одржување, односно за нивно чистење од снежни врнежи и голомразица во периодот зима 2009/2010 година.

**Член 2**

Како приоритетни улици во смисла на член 1 од оваа Одлука се определуваат: „Орце Николов“, „Никола Тесла“, „Московска“, „Лондонска“, „Братфордска“ „Варшавска“, „Бледски Договор“, „Прашка“, „Париска“, „Трнодол“, „Жданец“, Пат за Горно Нерези, Пат за с. Бардовци, „Есперанто“, „Франц Прешерн“, „Иван Цанкар“, „Никола Парапунов“, „Волгоградска“, „Никола Русински“ „Багдатска“, ул. „Козле“ од мостот на Нерези до црквата и од црквата да продолжи до патот за Лака, „ул. Карпошево Востание“ и ул. „Разловечко Востание“ и улицата кон Детската болница „Козле“.

**Член 3**

По потреба за расчистување од поголеми снежни врнежи и голомразица, расположивите ресурси ќе бидат вклучени во расчистување и во следните улици: бул. „Партизански Одреди“, бул. „8-ми Септември“, бул. „Илинден“, ул. „Митрополит Теодосие Гологанов“, ул. „Рузвелтова“, ул.„ Ацо Шопов“ и ул. „Скупи“.

**Член 4**

Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Карпош ја организира зимската служба, односно врши стручен надзор во извршувањето на спроведувањето на оваа Одлука и одлучува за вклучување на механизација од други правни лица и ги координира активностите на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите во врска со зимското одржување на предметните улици.

**Член 5**

Оспособувањето на коловозните површини на горе наведените улици се врши во зависност од временските услови и тоа:

- состојба на присуство на голомвразица и снежни врнежи до 12 см. (Прва состојба на готовност), и
- состојба на голомразица и снежни врнежи над 12 см. (Втора состојба на готовност)

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 07-3682/5
16.10.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за доделување на парична
помош за возобновување на Бигорскиот манастир
„Св. Јован Крстител“

1. Се објавува Одлуката за доделување на парична помош за возобновување на Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“, донесена на Осмата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 16 октомври 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3866/6<br>20.10.2009 година<br>С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 16 од Статутот на Општина Карпош / „Службен гласник на Општината Карпош“ бр. 1/06/, Советот на Општина Карпош на Осмата седница, одржана на 16 октомври 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
за давање парична помош за возобновување на Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Карпош дава парична помош во износ од 150.000,00 денари за возобновување на Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 од оваа Одлука ќе се исплатат од средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година.

**Член 3**

Оваа Одлука ќе ја реализира Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 3682/6
16.10.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма
за работа на Јавна установа општинска детска градинка
“Распеана Младост “ – Карпош-Скопје за 2009/2010 година

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Распеана Младост “ – Карпош-Скопје за 2009/2010 година, донесен на Осмата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 16 октомври 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3866/7-1
20.10.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 6 и член 15, став 1, точка 6, алинеја 1 од Законот за Градот Скопје /„Службен весник на РМ“ бр. 55/04/, а во врска со член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 05/02/, како и врз основа на член 98, став 1, алинеја 2 од Законот за заштита на децата /„Службен весник на РМ“ бр. 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08 и 83/09/ и член 3, став 1 од Статутот на Општината Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06/ Советот на Општина Карпош на Осмата седница, одржана на 16 октомври 2009 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општината Карпош ја усвојува Годишната програма за работа на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ - Карпош - Скопје за 2009/2010 година, предложен од Управниот одбор на детска градинка „ Распеана Младост “.

2. Заклучокот да се достави до ЈУОДГ „ Распеана Младост “ – Карпош– Скопје, Градоначалникот на Општина Карпош и до Одделението за дејности од јавен интерес на Општината Карпош.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-3682/7-1
16.10.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма
за работа на Јавна установа општинска детска градинка
“Орце Николов “ – Карпош-Скопје за 2009/2010 година

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Орце Николов “ – Карпош-Скопје за 2009/2010 година, донесен на Осмата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 16 октомври 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3866/7-2
20.10.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 6 и член 15, став 1, точка 6, алинеја 1 од Законот за Градот Скопје /„Службен весник на РМ“ бр. 55/04/, а во врска со член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 05/02/, како и врз основа на член 98, став 1, алинеја 2 од Законот за заштита на децата /„Службен весник на РМ“ бр. 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08 и 83/09/ и член 3, став 1 од Статутот на Општината Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06/ Советот на Општина Карпош на Осмата седница, одржана на 16 октомври 2009 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општината Карпош ја усвојува Годишната програма за работа на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ - Карпош - Скопје за 2009/2010 година, предложен од Управниот одбор на детска градинка „ Орце Николов “.

2. Заклучокот да се достави до ЈУОДГ „ Орце Николов “ – Карпош– Скопје, Градоначалникот на Општина Карпош и до Одделението за дејности од јавен интерес на Општината Карпош.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-3682/7-2 — ПРЕТСЕДАВАЧ
16.10.2009 година — НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е — **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма
за работа на Јавна установа општинска детска градинка
“Мајски Цвет “ – Карпош-Скопје за 2009/2010 година

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Мајски Цвет “ – Карпош-Скопје за 2009/2010 година, донесен на Осмата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 16 октомври 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3866/7-3
20.10.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 6 и член 15, став 1, точка 6, алинеја 1 од Законот за Градот Скопје /„Службен весник на РМ“ бр. 55/04/, а во врска со член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 05/02/, како и врз основа на член 98, став 1, алинеја 2 од Законот за заштита на децата /„Службен весник на РМ“ бр. 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08 и 83/09/ и член 3, став 1 од Статутот на Општината Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06/ Советот на Општина Карпош на Осмата седница, одржана на 16 октомври 2009 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општината Карпош ја усвојува Годишната програма за работа на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ - Карпош - Скопје за 2009/2010 година, предложен од Управниот одбор на детска градинка „ Мајски Цвет “.

2. Заклучокот да се достави до ЈУОДГ „ Мајски Цвет “ – Карпош– Скопје, Градоначалникот на Општина Карпош и до Одделението за дејности од јавен интерес на Општината Карпош.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-3682/7-3
16.10.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма
за работа на Јавна установа општинска детска градинка
“Пролет “ – Карпош-Скопје за 2009/2010 година

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Јавна установа општинска детска градинка “Пролет “ – Карпош-Скопје за 2009/2010 година, донесен на Осмата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 16 октомври 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3866/7-4
20.10.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 6 и член 15, став 1, точка 6, алинеја 1 од Законот за Градот Скопје /„Службен весник на РМ“ бр. 55/04/, а во врска со член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 05/02/, како и врз основа на член 98, став 1, алинеја 2 од Законот за заштита на децата /„Службен весник на РМ“ бр. 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08 и 83/09/ и член 3, став 1 од Статутот на Општината Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06/ Советот на Општина Карпош на Осмата седница, одржана на 16 октомври 2009 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општината Карпош ја усвојува Годишната програма за работа на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ - Карпош - Скопје за 2009/2010 година, предложен од Управниот одбор на детска градинка „ Пролет “.

2. Заклучокот да се достави до ЈУОДГ „ Пролет “ – Карпош– Скопје, Градоначалникот на Општина Карпош и до Одделението за дејности од јавен интерес на Општината Карпош.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош.

Број 07-3682/7-4<br>16.10.2009 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>**Трифун Трифуновски,с.р.**

## СОДРЖИНА

Страна

1. Одлука за измена на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2009 година, со Решение за објавување ................................................................ 1-3

2. Програма за изградба, редовно и инвестицоно одржување и зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2010 година, со Решение за објавување................................................ 4-6

3. Одлука за определување дополнителни парични средства за зимско одржување на сервисни и станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош, за период – зима 2009/2010 година, со Решение за објавување............................................................ 7-9

4. Одлука за определување на приоритетни улици на подрачјето на Општина Карпош за чистење од снежни врнежи и голомразица во период –зима 2009-2010 година, со Решение за објавување........................................................... 10-12

5. Одлука за доделување на парична помош, со Решение за објавување ........................................................... 13-14

6. Предлог годишни програми за работа во 2009/2010 година на Јавните установи – општински детски градинки:
- „Распеана Младост";
- „Орце Николов";
- „Мајски Цвет", и
- „Пролет", со

Решение за објавување ................................................................ 15-22

============================================================

**Издавач**: Општина Карпош, Уредува: Сектор за поддршка на работата на Советот на Општина Карпош
Компјутерска обработка: Драгица Петровска
Бул. "Партизански одреди" бр. 68, тел: 3067-760
тираж: 50 примероци